# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 10<br><br>25.09.2020** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02 ) и врз основа на член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден.24. 09.2020 година

**О Д Л У К А**
**за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во СОУ “Ѓорче Петров” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Воспитно-образовниот процес во СОУ “Ѓорче Петров” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година, а во услови на КОВИД 19 ќе се реализира комбинирано односно настава со физичко присуство и online настава.

**Член 2**

Воспитно-образовниот процес ќе се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и Протоколот за постапување на средните училишта во Република С.Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, како и согласно со Националната платформа за учење од далечина донесени од Владата на Република С.Македонија.

**Член 3**

Општината Крива Паланка има доставено барање за настава со физичко присуство на учениците, со образложение за исполнетоста на условите и критериумите од Планот и Протоколот, изготвено од СОУ “Ѓорче Петров”-Крива Паланка и како дополнување на барањето ќе биде доставена и оваа одлука до Комисијата за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство, а за добивање согласност за организирање на наставата со физичко присуство на учениците во училиштето.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка“.

**Бр.09-2701/3**
**24.09.2020**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во СОУ “Ѓорче Петров” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во СОУ “Ѓорче Петров” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година, што Советот ја донесе на ден 25.09.2020 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2701/4**
**25.09.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02 ) и врз основа на член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.09.2020 година

**О Д Л У К А**
**за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Јоаким Крчовски” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Воспитно-образовниот процес во ООУ “Јоаким Крчовски” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година, а во услови на КОВИД 19 ќе се реализира со физичко присуство на учениците од I ( прво ) одделение до III ( трето ) одделение и VII (седмо) одделение во матичното училиште , додека во сите подрачни училишта наставата ќе се реализира со физичко присуство на учениците од I ( прво ) одделение до IX ( деветто ) одделение.

**Член 2**

Воспитно-образовниот процес ќе се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и Протоколот за постапување на основните училишта во Република С.Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, донесени од Владата на Република С.Македонија.

**Член 3**

Општината Крива Паланка има доставено барање за настава со физичко присуство на учениците, со образложение за исполнетоста на условите и критериумите од Планот и Протоколот, изготвено од ООУ “Јоаким Крчовски”-Крива Паланка и како дополнување на барањето ќе биде доставена и оваа одлука до Комисијата за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство, а за добивање согласност за организирање на наставата со физичко присуство на учениците во училиштето.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 2701/5**
**24.09.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Јоаким Крчовски” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Јоаким Крчовски” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година, што Советот ја донесе на ден 25.09.2020 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2701/6**
**25.09.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02 ) и врз основа на член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден24. 09.2020 година

**О Д Л У К А**
**за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Илинден” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Воспитно-образовниот процес во ООУ “Илинден” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година, а во услови на КОВИД 19 ќе се реализира со физичко присуство на учениците од I ( прво ) одделение до IX ( деветто ) одделение како во матичното така и во подрачните училишта.

**Член 2**

Воспитно-образовниот процес ќе се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и Протоколот за постапување на основните училишта во Република С.Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, донесени од Владата на Република С.Македонија.

**Член 3**

Општината Крива Паланка има доставено барање за настава со физичко присуство на учениците, со образложение за исполнетоста на условите и критериумите од Планот и Протоколот, изготвено од ООУ “Илинден”-Крива Паланка и како дополнување на барањето ќе биде доставена и оваа одлука до Комисијата за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство, а за добивање согласност за организирање на наставата со физичко присуство на учениците во училиштето.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 2701/7**
**24.09.2020 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Илинден” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Илинден” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година, што Советот ја донесе на ден 25.09.2020 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2701/8**
**25.09.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

**Ред.бр.** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во СОУ “Ѓорче Петров” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година.........................................................................................** | **1** |
| 2. | **Заклучок за објавување на Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во СОУ “Ѓорче Петров” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година..........................................** | **2** |
| 3. | **Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Јоаким Крчовски” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година........................................................................................** | **3** |
| 4. | **Заклучок за објавување на Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Јоаким Крчовски” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година......................** | **4** |
| 5. | **Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Илинден” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година.........................................................................................................** | **5** |
| 5. | **Заклучок за објавување на Одлука за реализација на воспитно образовниот процес во услови на КОВИД 19 во ООУ “Илинден” – Крива Паланка во учебната 2020/2021 година..........................................** | **6** |